Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Сл. Гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

# ИЗВЕШТАЈ

## за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на Општина Демир Хисар

Согласно Програмата за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беа планирани активности на 3 (три) нивоа и тоа:

1. Контрола на потрошената електрична енергија и техничката исправност на светилките и инсталациите,
2. Проширување на ниско напонската мрежа-јавно осветлување и
3. Одржување на јавното осветлување.

**1.**Контрола на потрошената електрична енергија за јавно осветлување беше вршена од страна на АД ЕВН, Кориснички Енергетски Центар-Битола. Врз основа на доставените фактури во 2025 година на име потрошена електрична енергија за јавно осветлување фактуриран е износ од **2.823.410,00** денари. Од страна на АД ЕВН за 2025 година извршена е наплата на комунална такса за јавно осветлување во износ од **9.556.766,00** денари.

Во продолжение, даден е табеларен преглед на финансиската состојба за јавното осветлување во Општина Демир Хисар за 2025 година.

| Р. бр. | Вкупно фактурирана потрошена електрична енергија | Вкупно наплатени средства од ЕВН за комунална такса | Вкупно уплатени средства на ЕВН за потрошена електрична енергија |
|---|---|---|---|
| 1. | **2.823.410,00** | **9.556.766,00** | **2.303.502,00** |

Техничката исправност на светилките и инсталациите во 2025 година беше вршена од страна на Општина Демир Хисар и месните заедници.

**2.**Проширување на нисконапонската мрежа-јавно осветлување беше извршено во Демир Хисар со должина од 70 $м^1$, Жван со должина од 30 $м^1$, Белче со должина од 60 $м^1$, Кутретино со должина од 20 $м^1$, Обедник со должина од 30 $м^1$, Железнец со должина од 30 $м^1$, Стругово со должина од 60 $м^1$, Суводол со должина од 100 $м^1$, Базерник со должина од 60 $м^1$ и Журче со должина од 40 $м^1$ или вкупна должина од 500 $м^1$. За подобрување на јавното осветлување поставени се 13 нови вандерми.

**3.**Одржување на уличното осветлување во 2025 година беше од страна на Општината Демир Хисар. За реализација на оваа активност во 2025 година беа потрошени вкупно **344.259,00** денари за подобрување на јавното осветлување и за замена на опремата-материјалите (заменети 586 сијалици 23W и други материјали).

Видот и количината на потрошените материјали за одржување на уличното осветлување во 2025 година даден е табеларно во прилог на овој извештај.

Бр. 08-253/1
02.03.2026 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски